ЈКП "ВОДОВОД и КАНАЛИЗАЦИЈА"
04-87/1
30.04 2025 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 32 од Статутот на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, одредбите од Колективниот договор на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп и член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на РСМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Интерниот оглас бр. 02/2025 за пополнување на административни службеници со унапредување, Директорот на ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп,ја донесе следната:

О Д Л У К А

За избор на пријавени кандидати на интерен оглас за пополнување на работни места по пат на унапредување на административни службеници

1.Врз основа на објавениот интерен оглас за пополнување на работни места на административни службеници по пат на унапредување бр.02/2025, објавен на ден 16.04.2025 година, на огласна табла во ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп,на интернет страницата на Јавното претпријатие и на веб страната на Агенцијата за администрација

За пополнување на работното место **„Соработник за човечки ресурси“,** шифра на работно место КДР 01 02 В03 074, ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; вид на образование: Високо образование и **Работно искуство:** за нивото В3 најмалку една година работно искуство во струката,

- се избира кандидатот:
  - **НИКОЛИНА ЗАРЕСКА од Прилеп**

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници по интерен оглас оглас бр.02/2025 објавен на ден 16.04.2025 година формирана со решение бр.04-84/2 од 25.04.2025 година во функција на

спроведување на постапката за селекција за унапредување на административни службеници во ЈКП„Водовод и канализација“-Прилеп, по објавениот интерен оглас за унапредување на административни службеници бр.02/2025 објавен на ден 16.04.2025 година, спроведе постапка за унапредување согласно одредбите од Законот за администрартивни службеници.

Согласно Записникот за извршена административна селекција на *административните службеници за интерен оглас бр.*04-81/3 *од* 29.04.2025 година, Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интревју бр.04-81/4 од 29.04.2025 година, ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатите и согласно одредбите од Законот за административни службеници, го избра кандидатот наведен погоре во одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката

ЈКП „Водовод и канализација“
Прилеп
Директор
Игор Гулабоски

